

**ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА „ВО ЧЕСТ НА СВЕТИТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ОД Д-Р ВЕРА СТОЈЧЕВСКА – АНТИЌ И СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН**

Традициионалната манифестација ‚Денови на македонската култура" што по четврти пат се одржа од 24 до 30 мај1973 година, во Рим и годинава беше во знакот на оддавање почит на кирилометодиевското дело, со одржување молебен на гробот на свети Кирил Солунски.

*Овој пат, црковната делегација ја сочинуваа митрополитот дебарско - кичевски г.*

*Методија, ѓаконот Јован Таковски, професор во богословијата „Свети Климент Охридски" во Скопје и протаіереј-ставрофор Велко Филипов, секретар на Преспанско-битолската митрополија и претставник на Здружението на свештениците на СР Македонија, додека државната делегација, односно во делегацијата на културата на чело со г. Благој Михов, секретар за односи со странство на Извршниот совет на СР Македонија, беа проф. д-р Харалампие Поленаковиќ, потпретседател на МАНУ, г. Димче Мире, директор на Архивот на Македонија, Тома Прошев, шеф на камерниот оркестар „Света Софија", Борис Петковски , директор на Музејот за современа уметност , Глигор Чемерски, сликар и комесар на изложбата ,,16 современи македонски сликари", Спасе Куновски и Борис Вишински,претседател на Одборот за организирање на манифестацијата ,Денови на македонската култура" во Рим при Комисијата за културни врски со странство на СРМ, што беше и организатор на оваа манифестација. .*

*Свеченоста на оддавање почит беше одржана токму на Денот на свети Кирил и Методиј , на 24 мај, длабоко во катедралата „Свети Климент Римски", таму каде што и сега постојат остатоци од ранохристијанска црква, од IV век и каде што и сега можат да се покажат остатоци од четири тогашни римски куќи. И годинава средиште на манифестацијата „Денови на македонската култура" во Рим беше одржувањето молебен на гробот на свети Кирил Солунски, што се одржа на 24 мај, а на кој чинодејствуваше митрополитот дебарско-кичевски г. Методиј, заедно со свештени лица, а во присуство на целата делегација од Македонија, како и бројни поклоненици од Македонија, меѓу кои имаше и неколку свештеници и монаси кои беа дошле да му се поклонат на свети Кирил.*

*Манифестацијата ја збогати октетот на Богословијата „Св. Климент Охридски" од Скопје. На крајот Неговото високопреосвештенство г. Методиј одржа говор во кој, меѓу другото, истакна:*

*... Вечниот град Рим, градот на светите апостоли и маченици Петар и Павле и безброј други, кои со својата маченичка крв го осветија истана светилиште на многу поклоненици, е чувар на светите мошти на свети Кирил Солунски, како божји угодник. Нека ми биде дозволено, од името на Светиот синод на Македонската православна црква и во свое име, за оваа наша посета искрено да му заблагодариме на поглаварот на Римокатоличката црква Неговата Светост папата Павле VI, кој во евангелската љубов и признателноста на возвишената христијанска мисија на св. Кирил, следејќи го патот на папата Адријан II, кој пред единаесет векови ја одобрил проповедта на словенски јазик на кој е извршена и богослужба во Рим, ѝ ја укажува својата висока чест на делегацијата на Македонската православна црква, високите претставници на Социјалистичка Република Македонија и верниците со своето одобрение и прием.*

***Пресвети, преблажени и богомудри оче Кириле***

*Ние, твоите духовни чеда преродени, збогатени и просветени со премудроста Божја, преку твојата самопрегорна апостолска служба и подвиг, со кои ни се отворија дверите на Божјата премудрост, вистина и љубов, смирено и молитвена се поклонуваме на твоите свети мошти и искрено те величаме. Радувај се, Кириле, златна труба на вистинското богопознание, преблажен учителе на словенскиот род, изворе на животочната вода, вистински пастиру на словенското стадо. Твојот евангелиски глас се пронесе по целиот словенски род и твоите зборови на роден јазик го закрепи нашиот народ во вистината Христова.*

*Во рамките на манифестацијата „Денови на македонската култура", ансамблот за модерна музика „Света Софија", под диригентството на Тома Прошев одржа концерти во Рим, Неапол и Терачино. Во Неапол, пак, во Семинарот за славистика беше прикажана изложбата „Македонски поетски книги", на која беа презентирани изданијата на Заедницата за издавачка дејност на НИП „Нова Македонија", двете поетски ликовни збирки „Арс поетика" со ликовно-творечка опрема, кои со форматот потсетуваат на мусандри изработени во дрво, песните на наградените на Струшките вечери на поезијата, објавени на јазикот на поетот и на македонски јазик и, пред се, репродукциите на графики на современите македонски ликовни творци Ордан Петрески и Петар Хаџи Бошков.*





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**